Fondo Europeo per l’Integrazione dei cittadini di Paesi Terzi 2007/2013
Programma annuale 2009 - Azione 5
Prog. n. 2009/FEI/3969

# ДОБРОВОЛНА РЕГИСТРАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНАТА ЗДРАВСТВЕНА СЛУЖБА ЗА СТРАНСКИТЕ ДРЖАВЈАНИ ПОСТАРИ ОД ШЕЕСЕТ И ПЕТ ГОДИНИ

Сега е можна регистрацијата на Националната Здравствена Служба(SSN) за граѓаните кои не се од државите од Европската Унија и се постари од шеесет и пет години, и кој влегле во Италија со семејно обединување побарано после 5ти ноември 2008 година.

Всушност во очекување на министерскиот закон, регионот Емилиа Романја - Генералниот директорат за здравство и социјални работи
-со забелешката прот. бр.188856 од 23 јули 2010
им ја понуди на овие жители можноста за доброволно запишување на Националната Здравствена Служба.
За регистрацијата е потребно да се плати годишна фиксна сума, воеднаш, во износ од 387.34 евра, што е предмет на надомест на штета во случај сумата да биде различна на национално ниво.

За да се добие доброволна регистрација на Националната здравствена служба, странскиот државјанин постар од шеесет и пет години мора да ги достави следниве документи на шалтерите AUSL:

- Пасош со виза за семејно обединување;
- нула оста за семејно обединување, издадена од страна на Шалтерот за иселеништво во префектурата или дозвола за престој, ако странскиот државјанин веќе ја поседува.;
- прием на уплата од 387,34 € уплатени на поштенска сметка број 569.400 со исплата на Amministrazione P.T.C.S.S.N. Regione Emilia- Romagna;
- сертификација во однос на приходот или, пак, само-сертификација на приход.

Доброволните регистрирања на Националната Здравствена Служба ќе важат до 31 декември оваа година, и ќе можат да се обновуваат од година во година, со уплата на 387,34 евра.

Ве потсетуваме дека странските државјани на кои им е издадена дозвола за престој поради семејни причини пред 5 ноември 2008 година, кога ќе бидат на возраст од 65 години, а исто така и во случај на обновување на дозволата за престој, ќе продолжат да имаат право да се регистрирааат задолжително и бесплатно на Националната Здравствена Служба..

Исто така, родителите на граѓаните кои имаат стекнато италијанско државјанство имаат право на задолжително и бесплатно запишување на Националната Здравствена Служба.

За повеќе информации во однос на запишувањето на Националната здравствена служба може да се јавите на шалтерите од здравствените услуги на Округот од Равена (AUSL).
Освен на шалтерите од здравствените услуги на Округот од Равена (АУСЛ), можете да добиете информации ако се јавите на оператори на проектот ФЕИ на следниов телефонски број: 338.2483414

Cooperativa sociale Persone in movimento
SERVIZIO SANITARIO REGIONALE
EMILIA-ROMAGNA
Azienda Unità Sanitaria Locale di Ravenna
2019 Ravenna CITTÀ CANDIDATA CAPITALE EUROPEA DELLA CULTURA